


# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**

**30 јан - 5 фев 2025 Билтен бр. 584**

# КАРПОШАНИ ГО ОДБЕЛЕЖАА БОГОЈАВЛЕНИЕ – ВОДИЦИ

**Жителите од општините Карпош и Ѓорче Петров, на заедничка манифестација на ,,Железниот мост" во населбата Влае, го одбележаа големиот христијански празник Богојавление-Водици. Локалната самоуправа оваа година ја поддржа оваа манифестација со 40.000 денари, а за безбедноста на капачите кои учествуваа во верската церемонија во водите на реката Вардар, се погрижи десетчлената единица за заштита и спасување од Општина Карпош. Покрај големиот број верници, на традицоналната манифестација, присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски кој беше придружуван од членовите на Советот на Општината.**

**-Ова е голем празник за христијанските верници. Општина Карпош традиционално ја поддржува оваа манифестација,особено за граѓаните од Нерези и многу сум среќен што голем број верници се собраа денеска да го одбележиме овој голем празник за сите. На сите овогодинешни фаќачи на крстот во целата држава, им посакувам добро здравје и среќа и секоја година да се фрлаат во ладните води на реките и езерата, во знак на овој голем ден – накратко се обрати Јакимовски.**

**Во духот на христијанската традиција, свештените лица од црквата „Свети Пантелејмон" од Нерези и „Свети Петар и Павле" од Ѓорче Петров, го положија крстот во реката Вардар, при што најголема среќа имаше Стефан Георгиевски од Новоселски пат, од општина Ѓорче Петров, кој прв дојде до оваа света реликвија. Инаку, според религијата се верува дека токму овој крст, ќе му донесе нему здравје и берикет во претстојнава година. По завршувањето на манифестацијата, присутните граѓани и верници се упатија кон црквата „Свети Пантелејмон", каде што ги чекаше пригодна славска трпеза.**



# ОПШТИНАТА НАБАВИ НОВО ВОЗИЛО ЗА ТРАНСПОРТ НА ГРАНКИ И ЛИСЈА

**Согласно стратегијата и програмските активности кои ги планираше Секторот за екологија и енергетска ефикасност, Општина Карпош од својот буџет издвои околу 4,5 милиони денари за набавка на ново товарно возило со хидраулична преса, кое служи за транспорт на гранки, лисја и друг органски отпад. Во таа насока, денеска за првпат на теренот беше пуштено во употреба и ова специјализирано возило, со чија употреба ќе бидат удвоени капацитетите на општинските служби кои се грижат за одржување на јавната хигиена на територија на локалната самоуправа. Имено, Општината досега располагаше само со едно возило од овој тип, а позитивните ефекти од користењето на новата механизација ќе бидат забележливи во кус временски рок, во интерес на граѓаните и на одржување на здравата животна околина.**



## СУБВЕНЦИИ ЗА МЛАДИТЕ КАРПОШАНИ КОИ ЌЕ ПОСЕТУВААТ ОБУКИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА

**Локалната самоуправа и оваа година распиша Јавен повик за субвенционирање на млади лица кои се жители на општина Карпош, за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола, Б категорија. Во таа насока, Комисијата за доделување на субвенции точно ги дефинираше критериумите, начинот и условите под кои заинтересираните странки можат да се пријават на Јавниот повик, односно да станат потенцијални корисници на горенаведените субвенции.**

**Оттука, секое лице кое ќе поднесе барање за субвенционирање за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање за возачка дозвола мора да е жител на општина Карпош, заедно со неговите родители, минимум 3 години до денот на поднесување на барањето. Притоа, според принципот „прв дојден – прв услужен" ќе се субвенционираат млади лица кои се родени во 2007 година, односно кои во 2025 година ќе наполнат 18 години.**

**Повеќе инфо на www.karpos.gov.mk**

## ОДБЕЛЕЖАН ГОЛЕМИОТ ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИК СВЕТИ АТАНАСИЈ



Секоја година, на неколку локации во Карпош, традиционално граѓаните го одбележуваат големиот христијански празник Свети Атанасиј Велики. Денеска, на пладне, жителите на Злокуќани во голем број се собраа заедно да ја проследат свечената литургија со осветување на водата и храната, и да ги прогласат новите кумови за наредната година.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, им го честиташе овој голем празник на сите верници, со надеж за подобро здравје, бериќет, слога и мир.

-Денеска е голем ден, свети Атанасиј, празник во кој што жителите на Влае, Злокуќани и Жданец го чествуваат на пригоден начин, со богата трпеза и весела атмосфера. Јас бев гостин во трите урбани заедници, како традиција која ја практикувам секоја година, да се видам со моите сограѓани, да споделиме она што имаме и секако да го прославиме празникот. Општината донира одредена сума средства за прославите на верските празници и нас ни е задоволство што сме дел од ваквите збиднувања и чествувања. – истакна Јакимовски.

По посетата во Злокуќани, првиот човек на Општината, се упати кон Влае, кои исто така жителите на традиционален начин го одбележаа Свети Атанас, празникот кој ја означува средината на зимата, односно дека се поминати главните студови. По свечената литургија, се сервираше Славска софра, а во попладневниот дел од денот, организирана е и музичка забава за поглемиот број на граѓани со топли напитоци и греано вино. Оваа манифестација се прославува секоја година, со цел да се продолжи традицијата на заедничко празнување и дружење.

# ОД ПОНЕДЕЛНИК, СЕКТОРОТ ИНСПЕКТОРАТ ЌЕ ГИ ОТСТРАНУВА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ НА ТЕРИТОРИЈА НА КАРПОШ

**Во текот на денешниот ден, Секторот Инспекторат од Општина Карпош спроведе акција за расчистување на дел од парцелата кај Спортската сала „Борис Трајковски“, поради дивонаселените импровизирани градби, каде што се создаваше голема количина на отпад во околината. Акцијата се одвиваше во присуство на полициски службеници, но при расчистувањето немаше потреба за нивна интервенција. Оттука, импровизираните бесправни градби се целосно отстранети, а градежниот шут и отпадот кој се создаде од нив е целосно собран и транспортиран во ЈП „Депонија Дрисла“.**

**Во оваа пригода, ги ОПОМЕНУВАМЕ и ги алармираме сите граѓани кои имаат инспекциски постапки во Секторот Инспекторат – Градежна инспекција, со постапка за присилно извршување на градби изградени без одобрение за градење, како и градби изведени спротивно на член 73 од Законот за градење, да ги отстранат градбите во најбрз можен рок.**

**Локалната самоуправа го упатува ова известување до јавноста, бидејќи од понеделник 03.02.2025 година, Секторот Инспекторат започнува акција за спроведување на присилно извршување, односно отстранување на бесправни објекти кое ќе трае најмалку две недели. Во рамки на оваа иницијатива ќе бидат опфатени голем број на бесправни градби за кои има целосно завршена инспекциска постапка согласно Законот за градење. Општинските служби напоменуваат дека, доколку граѓаните сами не ги отстранат бесправно изградените градби, трошокот од присилното извршување ќе им биде наплатен со Заклучок за трошоци.**



## СООПШТЕНИЕ (ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА)

**Ги известуваме граѓаните на Општина Карпош дека во текот на наредната недела , од 10.02.2025 година, Сектор Инспекторат ќе спроведе подигање на стари отпадни ( хаварисани) возила согласно Закон за управување со дополнителни текови на отпад, во соработка со Колективниот постапувач со кој Општина Карпош има склучено договор за соработка.**

**АПЕЛИРАМЕ сите кои поседуваат таков тип на возило и на кое веќе е залепена налепница и е спроведена инспекциска постапка од страна на инспекциските служби, да ги отстранат своите возила, во спротивно истите ќе бидат остранети на нивен трошок. Возилата ќе бидат транспортирани во собирен центар – депо, каде што ќе бидат оставени 7 дена а потоа ќе бидат однесени на рециклирање.**

**За дополнителни информации побарајте не на 078-485-987 Богданка Милошевиќ Мучева – раководител на сектор, 072-225-510 Гордана Максимовска – општински инспектор за животна средина и 071-911-136 Ирена Милевска – општински комунален инспектор**

## РЕШЕН ГОРЛИВИОТ ПРОБЛЕМ СО ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ЖИТЕЛИТЕ ОД НАСЕЛБАТА ТРНОДОЛ

**По дојава од засегнати граѓани од населбата Трнодол кои уредно доставија Барање (бр. 9467/1) до архивата на Општина Карпош, екипите од Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи веднаш излегоа на терен и направија увид во состојбата, од каде службите во моментов интервенираат при решавање на проблемот со канализационата мрежа, кој подолго време ги мачи жителите од овој реон. Станува збор за постоечката собирна канализациона мрежа која не беше во можност да ги собере сите отпадни води, при што честопати доаѓаше до затнување и прелевање на собирната цевка од целата населба, до приклучување на главната мрежа под населбата на улицата Козле.**

**По тој повод денеска, градоначалникот Стевчо Јакимовски направи увид во комуналните работи кои се во тек.**

**Оваа куса канализациона мрежа во Трнодол како бајпас ја направивме пред 13-тина години, бидејќи беше лошо решението кое го имавме претходно. Откако граѓаните се пожалија на прелевање на фекалиите, ние одлучивме да ја извршиме оваа реконструкција која навистина е сложена бидејќи мора сè да се работи рачно. Би сакал да укажам на неодговорноста на некои граѓани коишто фрлаат материјали на кои не им е местото во канализационата мрежа. Оттука, сметам дека сите треба да придонесеме за инфраструктурата да функционира нормално, затоа што сите вакви интервенции ги трошат буџетските средства од Општината, односно од граѓаните – објасни Јакимовски.**

**Во насока на конечно решавање на проблемот каде последен пат е интервенирано пред повеќе од една деценија, изведувачот кој го ангажираше Општина Карпош постави канализациона мрежа во должина од 27 метри, со поширок обем на цевки со димензии Ф-250 мм. Во случајов се поставени и три нови шахти со нови капаци, а изнајдено е и најсоодветно решение за трасирање на патеката по која се одвива падот на фекалните води. И овој комунален зафат, локалната самоуправа го реализираше со јавна набавка за брзи интервенции во фекалната канализација.**

# ЗАПОЧНА ПРОЛЕТНИОТ ДЕЛ ВО ОДБОЈКА ЗА ДЕВОЈЧИЊА

**Денеска започнаа натпреварите од пролетниот дел во одбојка за девојчиња во основните училишта во Општина Карпош.**

**Резултати од 10 коло се следниве:**

**ООУ Христијан Тодоровски Карпош – ООУ Владо Тасевски 25:22 25:18 2-0**
**ООУ Војдан Чернодрински – ООУ Јан Амос Коменски 25:16 25:23 2-0**
**ООУ Петар Поп Арсов – ООУ Димо Хаџи Димов 25:23 25:23 2-0**
**ООУ Лазо Трповски – ООУ Аврам Писевски 25:23 25:21 2-0**
**ООУ Братство – ООУ Вера Циривири Трена 25:19 25:19 2-0**

